Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 19, 15 април 2009 година

април 2009 година
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научните области изградба на јамски простории и механизација и автоматизација во рудниците на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за наставно-научната област геофизика на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 6

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во наставно-научно звање насловен доцент во научната област хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 10

**РЕЦЕНЗИЈА** за учебникот *„Пијано, детски и други музички инструменти“* од проф. д-р Милица Шкариќ, пријавен на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 17

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев” – Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**ЗА УЧЕБНИКОТ „ПИЈАНО, ДЕТСКИ И ДРУГИ МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ“ ОД ПРОФ. Д-Р МИЛИЦА ШКАРИЌ, ПРИЈАВЕН НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ВО ШТИП**

Учебникот со наслов ***„Пијано, детски и други музички инструменти“*** е учебно помагало приспособено за студентите кои го изучуваат предметот Музички инструмент I и II, според ЕКТС - програмата на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип.

Според обемот компјутерски обработениот материјал содржи 110 страници. Овој обем соодветствува на новиот концепт на образование и според фондот на часови (2+2 и 1+2) концентрирани во два семестра (V и VI).

Материјалот е структуриран во три тематски целини: *Пијано*, *Детски музички инструменти* и *Други музички инструменти*. Содржината на материјалот налага промена на првобитниот наслов на учебникот „*Музички инструмент“* (пијано, детски музички инструмент и др.) во „***Пијано, детски и други музички инструмент“.***

Тематските содржини на целините се со јасно издвоени наслови и поднаслови.

Главното тежиште е во првата целина - *Пијано*, која воедно е најобемна и опфаќа две третини од материјалот. Овој дел содржи елементи од методиката на свирењето на пијано и од основите на музичката теорија во функција на изучувањето на инструментот. Во методиката се опишуваат и систематизираат елементите кои ги сочинуваат основите на свирењето пијано. Започнува со запознавањето на инструментот - пијано, преку: број на прсти, ставот при седењето и поставка на раката. Изучувањето на пијаното продолжува со музичкото описменување преку основните елементи на музичката теорија кои се неопходни за свирење инструмент. Тоа се: нотни вредности и паузите, петолиние, клучевите, метрички единици и видови на темпо. Преминот кон методиката на свирење ја опфаќа петпрсната позиција на двете раце, адекватно претставена преку нотно писмо и графички приказ на клавијатура, а потоа следат видовите артикулации својствени за исполнување на пијано, со акцент на портатото.

Следното навраќање на музичката теорија се изведува преку претставување на основните динамички ознаки, а созвучјето во изведувачката техника е претставена со интервалите. Следи изучувањето на останатите два артикулациски вида - стакато и легато, како и првите вежби за истовремено свирење со двете раце. Во натамошниот дел, совладувањето на инструментот се реализира преку проширување на знаењата од музичката теорија. Запознавањето со знаците за промена на висината на тоновите, што во практиката на изведбата значи свирење на црните клавиши, претставува вовед за теориското запознавање и свирење на дурските и молските скали до четири предзнаци. Паралелно со скалите се претставени и акордите со обрнувањата на основните стапала на секоја од скалите (I, IV и V). На графичкото претставување на скалите ѝ претходат посложените ритмички траења, како на пример: четвртина со точка, шеснаесетински нотни вредности,

осмината со точка и синкопите. Изучувањето на акордите наоѓа непосредна примена во следната тематска содржина која се однесува на правење аранжмани на детските песни. Совладувањето на техниката на аранжирање и толкувањето на шифрите е од особено значење за овој профил на студенти. На овој начин, тие се обучуваат да ја применат истата во изучувањето на детстките песни во наставата.

Претставувањето на сите содржини е спроведено според принципот на постапност, што е исклучително важно за оптималното совладување на техниката на свирење музички инструмент, во случајот - пијаното. Секој нов тематски материјал е придружен со конкретни примери од клавирската литература, што овозможува непосредна примена на теориските сознанија во практиката. Нотните примери (вкупно 28) се земени од: класичната европска музика (8), странски детски песни (2), странски народни песни (1), македонски детски песни (11), како и лични творби на авторот (6).

Втората тематска целина се однесува на детските (орфови) музички инструменти. Овој дел, кој опфаќа десет страници, генерално е поделен во три дела:

– употребата на овие инструменти во дидактички цели;
– преглед на секој инструмент поединечно и
– аранжмани за практичната примена на инструментите.

Во првиот дел се претставени сознанијата за улогата на употребата на детските музички инструменти во основното образование, податоците за конструкторот на оваа група инструменти, како и нивната категоризација.

Вториот дел содржи кратки информации за спецификите на секој инструмент поединечно. Приложените информации се дополнети и со фотографии на истите.

Третиот дел претставува практичната примена на оваа група инструменти преку нивното интегрирање во детските песни. За таа цел, овде се прикажани основните методи и правила на правење аранжмани, посебно за ритмичките и за мелодиските детски инструменти. Методско-дидактичките упатства се дополнети и со нотни примери поради поегзактна примена во практичната употреба.

Во третата тематска се претставени само музичките инструменти кои се употребуваат во класичната западноевропска музика и традиционалните инструменти на Република Македонија.

Според начинот на кој се произведува тонот и материјалот од кој се направени, музичките инструменти се поделени во три главни групи: жичени, дувачки (дрвени и лимени) и ударни инструменти. Жичените инструменти се поделени на: гудачки (виолина, виола, вилончело и контрабас), харфови (харфа, мандолина, гитара и тамбура) и инструменти кај кои тонот се добива со удар на чеканчиња по жици (чембало и пијано). Последната група инструменти во самиот преглед на материјалот е прикажана со нов поднаслов - Инструменти со клавијатура и проширена со два аерофони инструменти - оргулите и хармониката.

Според материјалот од кои се направени, дувачките инструменти, опфатени во втората група, се поделени на: дрвени (флејта, обоа, кларинет и саксофон) и лимени (хорна, труба,

тромбон и туба). Дрвените дувачки инструменти се класифицирани и според фамилијарна припадност во зависност од звучењето и обемот на тоновите на инструментот. На тој начин се опфатени сите претставници од групата дрвени дувачки инструменти.

Третата група инструменти се ударните, кои во ова учебно помагало се поделени на: кожени (тимпани, барабани, конги, бонгоси, тапан и дајре), метални (видови чинели, триангл, камбани, там-там и вибрафон) и дрвени ударни инструменти (ксилофон, маримба, кастанети, маракас и гиро).

Последниот преглед на музички инструменти се однесува на македонските традиционални инструменти кои се групирани според главната класификација. Тука се наброени: гајда, кавал, зурла, двојанка како дувачки, тамбураи, кемане како жичени и тапан како ударни инструменти.

На крајот од учебикот се дадени прилози на текстови на песните од странскиот репертоар, наменети да помогнат во збогатување и во надополнување на практичните нотни примери.

Учебникот е граден врз основа на добро избран извор на литература за методиката на пијано и музичките инструменти, врз основа на личните и широките искуства на авторката и врз основа на истражувања во светот и кај нас.

Темите се јасно разработени и богато илустрирани со нотни примери и фотографии. Тие се претставени преку лесен и разбирлив стил со запазување на методот на постапност, којшто е многу значаен во методиката на изучување музички инструменти.

Материјалот на учебникот ги задоволува целите на наставниот план и програма по предметот Музички инструмент и овозможува систематско совладување на техниката на свирење на инструментот пијано и проширување на знаењата од областа на музичките инструменти, затоа, овој учебник им го препорачуваме на студентите од Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип.

**Рецензент**

Скопје, 1 април 2009 година

**1. Вон. проф. д-р Аида Ислам, с.р.**

**2. Доц. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска, с.р.**

**3. Дирона Соколовска, с.р.**